# РАЗВОЕН ПЛАН

## НА ОСНОВНОТО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ
## СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ, ЦЕНТАР – СКОПЈЕ
### ЗА ПЕРИОД 2018 – 2022

# С О Д Р Ж И Н А

1. ЛИЧНА КАРТА НА УЧИЛИШТЕТО ..... 3
2. КРАТОК ПРОФИЛ НА УЧИЛИШТЕТО ..... 4
3. ИСТОРИСКИ РАЗВОЈ НА УЧИЛИШТЕТО ..... 5
4. СПЕЦИФИЧНОСТИ НА УЧИЛИШТЕТО ..... 6
5 . ПРЕГЛЕД НА ОРГАН НА УПРАВУВАЊЕ ..... 7
6 . ПРЕГЛЕД НА ПОСТОЕЧКИТЕ РЕСУРСИ ВО УЧИЛИШТЕТО ..... 8
-МАТЕРИЈАЛНО-ТЕХНИЧКИ РЕСУРСИ ..... 8
-НАГЛЕДНИ СРЕДСТВА И ДРУГА ОПРЕМА ..... 9
-ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ..... 10
7. ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА ..... 11
-ПОДРАЧЈЕ НА РАБОТА НА УЧИЛИШТЕТО И НАСТАВНА ПРОГРАМА ..... 11
-ФРЕКФЕНЦИЈА НА УПИС НА ПРВАЧИЊА ВО ИЗМИНАТИТЕ ГОДИНИ И ВИД НА НАСТАВНА ПРОГРАМА ..... 11
-ПРЕГЛЕД НА СОСТОЈБАТА ВО ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ И ДОСЕГАШНИТЕ АКТИВНОСТИ ..... 12
-БРОЈ НА УЧЕНИЦИ ЗА ВРЕМЕ НА ИЗРАБОТКА НА УЧИЛИШНИОТ РАЗВОЕН ПЛАН ..... 13
-БРОЈ НА УЧЕНИЦИ ВО ПОСЛЕДНИТЕ 4 ГОДИНИ ..... 13
-ПРЕДВИДЕН БРОЈ НА УЧЕНИЦИ ЗА НАРЕДНИТЕ ЧЕТИРИ ГОДИНИ ..... 14
-ПОТРЕБА ОД НАСТАВЕН КАДАР ЗА НАРЕДНИТЕ ЧЕТИРИ ГОДИНИ ..... 14
-ПОТРЕБА ОД ОСТАНАТ КАДАР ЗА НАРЕДНИТЕ ЧЕТИРИ ГОДИНИ ..... 14
8. ФАКТОРИ КОИ ВЛИЈААТ НА РАЗВОЈОТ НА УЧИЛИШТЕТО ..... 15
- ЛОКАЛНИ ФАКТОРИ КОИ ВЛИЈААТ НА РАЗВОЈОТ НА УЧИЛИШТЕТО ..... 15
- НАЦИОНАЛНИ ФАКТОРИ КОИ ВЛИЈААТ НА РАЗВОЈОТ НА УЧИЛИШТЕТО ..... 16
- МЕЃУНАРОДНИ ФАКТОРИ КОИ ВЛИЈААТ НА РАЗВОЈОТ НА УЧИЛИШТЕТО ..... 16
-ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА УЧИЛИШТЕТО ВО ЛОКАЛЕН КОНТЕКСТ ..... 17
-ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА УЧИЛИШТЕТО ВО НАЦИОНАЛНО ОПКРУЖУВАЊЕ ..... 18
-ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА УЧИЛИШТЕТО ВО МЕЃУНАРОДЕН КОНТЕКСТ ..... 20
9. АНАЛИЗА ОД ИНТЕРНАТА ЕВАЛУАЦИЈА (САМОЕВАЛУАЦИЈАТА 2015/2017 ) ..... 21
10. АНАЛИЗА ОД ЕКСТЕРНА ЕВАЛУАЦИЈА ОД ПОСЛЕДНАТА ИНТЕГРАЛНАТА ИНСПЕКЦИЈА ..... 25
11. МИСИЈА И ВИЗИЈА НА УЧИЛИШТЕТО ..... 26
12. ЦЕЛИ, ЗАДАЧИ И АКТИВНОСТИ ..... 27
13. МОНИТОРИНГ ..... 36
- Начин на кој ќе се мониторираат активностите предвидени со Развојниот план ..... 36
14. ЧЛЕНОВИ НА ТИМОТ ШТО ГО ИЗРАБОТИЈА РАЗВОЈНИОТ ПЛАН ..... 37
15. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА ..... 38

## 1. ЛИЧНА КАРТА НА УЧИЛИШТЕТО

| | |
|---|---|
| Училиште | **ООУ СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ, ЦЕНТАР-СКОПЈЕ** |
| Адреса | Ул. 1737 бр.1 Центар Скопје |
| Контакт податоци (тел. факс, и-маил) | Тел. 02/3 164 357  02/3 213 799  тел.факс 02/3 164 357 |
| E- mail | oukimsk@yahoo.com |
| Веб страница | http://www.oukimcentar.edu.mk |
| Ден на училиштето | 24 Мај |
| Број на ученици во училиштето | 485 |
| Јазик на кој се изведува наставата | Македонски јазик |
| Број на смени | Една смена |
| ***ДИРЕКТОР НА УЧИЛИШТЕ*** | |
| Име и презиме | Вилма Поповиќ |
| Потпис | |
| Датум | 23.09.2016 година |
| ***ОДОБРУВАЊЕ ОД УО*** | |
| Име и презиме | Весна Миливоевиќ |
| Потпис | |
| Датум | 15.08.2015 година |

## 2. КРАТОК ПРОФИЛ НА УЧИЛИШТЕТО

| | |
|---|---|
| Училиште | **ООУ СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ, ЦЕНТАР-СКОПЈЕ** |
| Година на изградба | 1963/64 |
| Тип на градба | Тврда градба |
| Површина на објектот | 3101 $м^2$ |
| Површина на училишниот двор | 3848 $м^2$ |
| Површина на спортски терени и игралишта | 1000 $м^2$ |
| Површина на спортска сала | 600 $м^2$ |
| Начин на загревање на училиштето | Централно парно и електрична енергија |
| Вкупен број на училишни згради | 1 |
| Училишен двор | 1 |
| Број на подрачни училишта | 0 |
| Број на катови | 3 |
| Број на училници | 26 |
| Број на помошни простории | 5 |
| Училишна библиотека | 2 |

## 3. ИСТОРИСКИ РАЗВОЈ НА УЧИЛИШТЕТО

Основното училиште "Св. Кирил и Методиј" - Скопје, е централно самостојно училиште кое се наоѓа на улица **1737 бр.1**, во строгиот центар на градот, во реонот на Пресвета Богородица, во Општина Центар - Скопје.

Училиштето својата просветна образовно – воспитна дејност ја започнува во далечната 1836 година како ќелијно училиште во склоп на црквата Пресвета Богородица, на мајчин македонски јазик и со тоа претставува едно од најстарите училишта во Република Македонија со непрекината образовна дејност низ три века.

Училиштето својата дејност ја започнало во постојниот објект од учебната 1963/64 год. кој во текот на своето долгогодишно работење има претрпено многубројни промени кои се одразиле на работата во училиштето.

*Негативна промена* во 1974 година беше рушењето на фискултурната сала и повеќе помошни простории за потребите на изградбата на НУБ,,Климент Охридски'' и адаптирање на две споени училници во импровизирана сала за потребите на наставата по физичко која во ниедна смисла не ги задоволуваше потребите на училиштето. За потребите на целодневната настава уште 3 училници се адаптирани во кујна со 2 трпезарии со што бројот на училниците од веќе постоечкото училиште се намалил за 5.Тоа сериозно негативно се одразува на библиотеката која е сместена во импровизирана просторија и во бројот на кабинети по предметна настава.

***Позитивните промени*** **започнаа во јуни 2016 година со изградбата на новата фискултурна сала финансирана од МОН. Истата ќе придонесе за решавање на долгогодишните проблеми во начинот на изведување на наставниот план и програма по ФЗО. Двете училници кои досега се користеа како импровизирана спортска сала во август 2017 година се реконструирани и адаптирани во училници.**

Од позитивните промени ќе издвоиме:

1. Поплочување на ходникот и целосна реконструкција на холот и приземјето
2. Целосна реконструкција на четири училници
3. Реновирање на шестте санитарни јазли
4. Подобрување на интернет мрежата
5. Сопствено вмрежување на училници со жичан интернет и опремување со рутери
6. Опремување на повеќето училници со клима уреди
7. Набавка и инсталирање на апарат за евиденција на работно време

## 4. СПЕЦИФИЧНОСТИ НА УЧИЛИШТЕТО

Училиштето е лоцирано во централно градско подрачје на градот Скопје.
Во непосредната околина на училиштето се наоѓаат уште 6 основни училишта, средни училишта и факултети, исто така има голем број организации за развојот на физичка култура, музеи, кино сали, театри, библиотеки и др. Училиштето активно соработува со институциите: НУБ, МОБ, МТВ, УКИМ, ФИНКИ, Општина Центар, невладини организации. Училиштето ги опфаќа учениците од централното градско подрачје и ученици од околните населби.

***Проекти кои се реализираат во училиштето***

Во училиштето се реализираат следните проектни активности:

- Криенка vs таблет – Здружение за дислексија Ајнштајн
- Ова е мојот свет – НВО Сината птица
- Моето училиште од соништата – градинка Корчагин
- ПХВ проекти – Црвен крст
- Работилници за линорез – ФЛУ
- Austausch Mazedonien – Argentinien – во соработка со наставник од Аргентина Катиа Мулен

***Идни проектни активности***

- Градиме мостови – Во соработка со партнер училиште Никола Вапцаров Чаир
- Предизвик за млади истражувачи (Осмели се да дознаеш со брзина 11km/s) - Фонд за иновации
- Компостирање на отпад (еко проект) – Општина Центар
- Соларни панели на кровот од фискултурната сала ( еко проект ) – Општина Центар
- Еразмус +

## *5 . ПРЕГЛЕД НА ОРГАН НА УПРАВУВАЊЕ*

| **Училишен одбор** | |
|---|---|
| 1.Весна Миливоевиќ | Претседател<br>( претставник од редот на наставниците) |
| 2.Мирјана Јаневска | ( претставник од редот на наставниците) |
| 3. Вера Петровска | ( претставник од редот на наставниците) |
| 4. Борче Ѓеорѓиевски | (од редот на родителите) |
| 5. Сашо Јанев | (од редот на родителите) |
| 6. Драган Ѓеорѓиевски | (од редот на родителите) |
| 7. Ивана Дамјановска | ( претставник од Влада) |
| 8. Лидија Антониевска | ( претставник од Локална самоуправа) |
| 9. Слободан Тодорчевски | ( претставник од Локална самоуправа) |

## 6 . ПРЕГЛЕД НА ПОСТОЕЧКИТЕ РЕСУРСИ ВО УЧИЛИШТЕТО

### -МАТЕРИЈАЛНО-ТЕХНИЧКИ РЕСУРСИ

| РЕСУРС | ВКУПЕН БРОЈ | ПОВРШИНА $м^2$ | СОСТОЈБА (оценето од 1 до 5) | ЗАБЕЛЕШКА |
|---|---|---|---|---|
| ***УЧИЛНИЦИ*** | 14 | **55,25 $м^2$** | 3 | Потреба од: дидактички материјали, столчиња, клупи,табли, реконструкција на прозори, разглас и шкафчиња |
| ***КАБИНЕТИ*** | 12 | **55,25 $м^2$** | 3 | Потреба од: подови, столчиња, клупи, табли, дидактички материјали реконструкција на прозори и разглас |
| ***КАБИНЕТ ПО ИНФОРМАТИКА*** | 1 | **110,50 $м^2$** | 3 | Потреба од: смарт табла, под, бела табла, клупи, столчиња,реконструкција на прозори и компјутери и разглас |
| ***КАНЦЕЛАРИИ*** | 2 | **10,50 $м^2$** | 4 | Потреба од: под, обнова на ѕидните површини и реконструкција на прозори, маси, столчиња |
| ***КАНЦЕЛАРИЈА НА ДИРЕКТОР*** | 1 | **28,00 $м^2$** | 4 | Потреба од: реконструкција на прозори |
| ***НАСТАВНИЧКА КАНЦЕЛАРИЈА*** | 1 | **110,50 $м^2$** | 3 | Потреба од: маси, столчиња, шкафови, реконструкција на прозори |
| ***БИБЛИОТЕКА*** | 2 | **38,50 $м^2$** | 3 | Потреба од: реконструкција на прозори, набавка на нов инвентар и дигитализација |
| ***ПОМОШНИ ПРОСТОРИИ*** | 5 | **10,50 $м^2$** | 3 | Потреба од: реконструкција на прозори и нов инвентар |
| ***УЧИЛИШНА СПОРТСКА САЛА И ГАЛЕРИЈА*** | 1 | **600,00 $м^2$** | 5 | Потреба од топки за одбојка, кошарка, фудбал и ракомет |
| ***УЧИЛИШЕН ДВОР СО СПОРТСКИ ТЕРЕНИ*** | 1 | **1000 $м^2$** | 2 | Потреба од: хортикултурно уредување на зелените површини, корпи за отпадоци, жардињери, обележување на спортски терени за тенис, фудбал, кошарка, ракомет и детско игралиште |
| ***УЧИЛИШНА КУЈНА И ТРПЕЗАРИЈА*** | 1 | **186,75 $м^2$** | 3 | Потреба од: под и простор за училишна кантина |
| ***ПОДРУМ*** | 1 | **41 $м^2$** | 2 | Потреба од: подна и ѕидна хидро изолација и реконструкција |

1 – незадоволително 2 – задоволително 3 – добро 4 – многу добро 5 – одлично

## -НАГЛЕДНИ СРЕДСТВА И ДРУГА ОПРЕМА

| ***Нагледни средства и друга опрема*** | ***Количина*** |
|---|---|
| Телевизор | 19 |
| ДВД | 14 |
| Касетофон | 6 |
| Куќишта | 22 |
| Работни станици ( екран, тастатура, глувче) | 137 |
| Смарт табла | 1 |
| Мимио табла | 1 |
| Бела табла | 2 |
| Зелена табла | 25 |
| Микроскоп | 6 |
| Пианино | 1 |
| Скелет | 1 |
| Торзо | 3 |
| Апарат за влажност ( хигроскоп) | 7 |
| Модел на сонце и земја | 1 |
| Фотокопир / принтер | 8 |
| Професионален фотокопир | 1 |
| Гео-историски карти | 45 |
| ЛЦД проектор / банер | 4/1 |
| Лап топ компјутер | 154 |
| Лабараториски прибор | 100 |
| Модели на органи | 20 |
| Препариран материјал | 7 |
| Глобус | 13 |
| Шестар, линиар, агломер | 7/23 /3 |

## -ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

| СТРУЧЕН ПРОФИЛ | БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ | | VIII | VII- 2 | VII-1 | VI | V | IV |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| НАСТАВЕН КАДАР | ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА | 30 | 1 | / | 27 | 2 | / | / |
| | ПРЕДМЕТНА НАСТАВА | 24 | / | 2 | 20 | 2 | / | / |
| РАКОВОДЕН КАДАР ( ДИРЕКТОР И ПОМОШНИК ДИРЕКТОР) | ДИРЕКТОР – ВИЛМА ПОПОВИЌ | | / | / | 1 | / | / | / |
| | ПОМОШНИК ДИРЕКТОР – ВАЛЕНТИНА ЛЕНА ВЕЉАН | | / | / | 1 | / | / | / |
| СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ | ПСИХОЛОГ - САЊА ШУТИНОСКА | | / | / | 1 | / | / | / |
| | ПЕДАГОГ - МАЈА ЃОРЧЕВСКА - ЗАТУРОСКА | | / | / | 1 | / | / | / |
| | БИБЛИОТЕКАР - НЕЛА РАДЕВСКА | | 1 | / | / | / | / | / |
| СЕКРЕТАР НА УЧИЛИШТЕТО | СТОЈАНЧЕ КАБРАНОВ | | / | / | 1 | / | / | / |
| ТЕХНИЧКИ ПЕРСОНАЛ | ХИГИЕНИЧАРИ | 6 | / | / | / | / | 3 | 3 |
| | ХАУС МАЈСТОР | 1 | / | / | / | / | 1 | / |

## 7. ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

### -ПОДРАЧЈЕ НА РАБОТА НА УЧИЛИШТЕТО И НАСТАВНА ПРОГРАМА

| Подрачје на работа за кое училиштето е верификувано | Наставна програма | Основано од | Година на верификација | Сегашен број на одделенија и паралелки |
|---|---|---|---|---|
| Основно образование ( општо образование) | Национална програма | ИО-ГНОО на Град Скопје 15-820 | 26.06.1984 | 9 / 26 |

### -ФРЕКФЕНЦИЈА НА УПИС НА ПРВАЧИЊА ВО ИЗМИНАТИТЕ ГОДИНИ И ВИД НА НАСТАВНА ПРОГРАМА

| ***Наставна програма*** | ***Вид на настава*** | ***Учебна година*** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **2007/2008** | **2008/2009** | **2009/2010** | **2010/2011** | **2011/2012** | **2012/2013** |
| **Деветгодишно основно образование** | Целодневна настава | 48 | 50 | 43 | 47 | 35 | 41 |
| | Класична настава | 17 | 17 | 20 | 19 | 16 | 19 |
| | | | | | | | |
| | | **2013/2014** | | **2014/215** | **2015/2106** | | |
| **IB програма** | Целодневна настава | 55 | **IB програма и Кембриџ програма** | 48 | 59 | | |
| | Класична настава | / | | / | / | | |
| | | | | | | | |
| | | **2106/2017** | **2017/2018** | | | | |
| **Кембриџ програма** | Целодневна настава | 42 | 64 | | | | |
| | Класична настава | / | / | | | | |

## -ПРЕГЛЕД НА СОСТОЈБАТА ВО ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ И ДОСЕГАШНИТЕ АКТИВНОСТИ

Задолжително деветгодишно основно образование се воведе во Македонија во 2007 година, во согласност со Концепцијата за деветгодишно основно воспитание и образование. Законот за основно образование гарантира бесплатна достапност на ова ниво на образование за сите деца на возраст од 6 до 14 години. Реформите на наставните планови и програми беа започнати истовремено со продолжувањето на времетраењето на основното образование. Наставните програми опфаќаа развојни цели за циклусите во основното образование, општи цели за секое одделение и конкретни цели за секоја тема или програма. Покрај тоа, воведени се и повеќе нови предмети: англиски јазик од I одделение како задолжителен предмет; втор странски јазик од VI одделение како задолжителен предмет; иновации во IX одделение како задолжителен предмет; работа со компјутер и основи во програмирањето како задолжителен предмет во III и IV одделение; творештво во IV и V одлење како изборен предмет; информатика во VI и VII одделение како задолжителен предмет и во VIII и IX како изборен предмет; етика на религиите, запознавање на религиите, класична култура во Европската цивилизација во VI одделение; други изборни предмети: нашата татковина, воспитание за околината, истражување за родниот крај, танци и народни ора, проекти од музичката уметност, проекти од ликовната уметност, техничко образование, проекти од инорматиката, изборен спорт, унапредување на здравјето, вештини за живеење и програмирање. Освен тоа беше изготвена програма за образование за животни вештини, како и прирачник што е предвидено да се реализира на часот на одделенската заедница од II до IX одделение.

Во учебната 2013/2014 година во нашето училиште воведена е IB меѓународна програма во одделенска настава, а во учебната 2014/2015 година IB програма и во предметна настава. Во учебната 2016/2017 година истата се укинува.

Од учебната 2014/2015 година беше воведена прилагодена верзија на Наставните предмети според Меѓународниот центар за испитни програми од Кембриџ, Велика Британија за математика и природни науки од I до VI одделение и математика и предметите од природните науку физика, хемија и биологија од VII до IX одделение. Учебниците за соодветните програми беа одобрени во согласност со Концепцијата за изработка на учебник и Метдологијата за вреднување на учебник.

Со новите измени во образовниот систем во Р. Македонија изготвен е стратешки документ Стратегија за образованието 2016/2020.

## -БРОЈ НА УЧЕНИЦИ ЗА ВРЕМЕ НА ИЗРАБОТКА НА УЧИЛИШНИОТ РАЗВОЕН ПЛАН

| *Одделенска настава* | Број на ученици по пол | | | Број на паралелки |
|---|---|---|---|---|
| | *Машки* | *Женски* | *Вкупно* | |
| **I** | 29 | 31 | 60 | 3 |
| **II** | 22 | 20 | 42 | 2 |
| **III** | 20 | 30 | 50 | 3 |
| **IV** | 24 | 26 | 50 | 3 |
| **V** | 32 | 22 | 54 | 3 |
| ***Вкупно I-V*** | **127** | **129** | **256** | **14** |
| ***Предметна настава*** | | | | |
| **VI** | 30 | 25 | 55 | 3 |
| **VII** | 31 | 21 | 52 | 3 |
| **VIII** | 32 | 31 | 63 | 3 |
| **IX** | 31 | 28 | 59 | 3 |
| ***Вкупно VI-IX*** | **124** | **105** | **229** | **12** |
| ***Вкупно I-IX*** | **251** | **234** | **485** | **26** |

## -БРОЈ НА УЧЕНИЦИ ВО ПОСЛЕДНИТЕ 4 ГОДИНИ

| Учебна година | Број на ученици | | Вкупно ученици |
|---|---|---|---|
| | *Одделенска настава* | *Предметна настава* | |
| **2013 / 2014** | 278 | 252 | 530 |
| **2014 / 2015** | 269 | 253 | 522 |
| **2015 / 2016** | 261 | 245 | 506 |
| **2016 / 2017** | 253 | 235 | 488 |

## -ПРЕДВИДЕН БРОЈ НА УЧЕНИЦИ ЗА НАРЕДНИТЕ ЧЕТИРИ ГОДИНИ

| Учебна година | Број на ученици по одделение | | | | | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | |
| **2018/2019** | 66 | 45 | 55 | 55 | 60 | 60 | 55 | 65 | 65 | 526 |
| **2019/2020** | 69 | 48 | 58 | 58 | 63 | 63 | 58 | 68 | 68 | 553 |
| **2020/2021** | 72 | 51 | 61 | 61 | 66 | 66 | 61 | 71 | 71 | 580 |
| **2021/2022** | 75 | 54 | 64 | 64 | 69 | 69 | 64 | 74 | 74 | 607 |

## -ПОТРЕБА ОД НАСТАВЕН КАДАР ЗА НАРЕДНИТЕ ЧЕТИРИ ГОДИНИ

| *Профил* | *Број* |
|---|---|
| Наставник- асистент по ФЗО | 1 |
| Наставник по природни науки | 1 |
| Наставник по информатика | 1 |
| Психолог | 1 |
| Дефектолог | 1 |

## -ПОТРЕБА ОД ОСТАНАТ КАДАР ЗА НАРЕДНИТЕ ЧЕТИРИ ГОДИНИ

| *Профил* | *Број* |
|---|---|
| Хигиеничари | 2 |
| Ноќен чувар | 1 |
| Сметководител | 1 |

## 8. ФАКТОРИ КОИ ВЛИЈААТ НА РАЗВОЈОТ НА УЧИЛИШТЕТО

### - ЛОКАЛНИ ФАКТОРИ КОИ ВЛИЈААТ НА РАЗВОЈОТ НА УЧИЛИШТЕТО

Училиштето се наоѓа во централното градско подрачје во чија близина се наоѓаат културни, образовни установи, невладини организации, спортски здруженија и др.

Дел од институциите со кои училиштето соработува се следните:

- МНТ, МОБ, Театар за деца и младинци, МАНУ, МТВ
- ДКЦ, МКЦ, ЈУДКЦ Карпош
- Музеи, библиотеки, кина, издавачки куќи, радио и печатен медиум
- РСБСП
- Пакомак
- Црвен крст
- НВО Хера
- Еколошки зрдуженија
- Спортски здруженија
- Национална Галерија
- Општина Центар
- Саеми, фестивали и галерии
- Основни и средни училишта и факултети
- Банки

## - НАЦИОНАЛНИ ФАКТОРИ КОИ ВЛИЈААТ НА РАЗВОЈОТ НА УЧИЛИШТЕТО

Институции со кои училиштето соработува на национално ниво се:

- МОН
- БРО
- ДПИ
- ДИЦ
- Еразмус плус
- МТСП
- МИОА
- Завод за ментално здравје
- Поликлиника Битпазар
- Агенција за вработување
- Државен завод за статистика
- Јавна установа Меѓуопштински центар за социјална работа
- МВР
- Сектор за малолотничка деликвенција

## - МЕЃУНАРОДНИ ФАКТОРИ КОИ ВЛИЈААТ НА РАЗВОЈОТ НА УЧИЛИШТЕТО

Меѓународни институции со кои училиштето соработува се:

- Американска и Британска амбасада
- Холандска амбасада
- British Council
- American Corner
- Goethe Institut
- Кинески центар Конфучие
- УНИЦЕФ
- УСАИД
- ОБСЕ
- Прва детска амбасада во светот МЕЃАШИ
- Француски институт – Скопје

## -ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА УЧИЛИШТЕТО ВО ЛОКАЛЕН КОНТЕКСТ

Училиштето соработува со локалната заедница и е вклучено во реализирање на активности од локално ниво па и активности кои ги организира државата, во реализирање на заеднички проект и слично. Соработката со голем број установи позитивно влиеае на подобрување на воспитно образовниот процес кај учениците. Соработка со средни училишта, факултети, соработка со Општина Центар, библиотеки, кина, театри, музеи, ДКЦ, МКЦ, ЈУДКЦ Карпош, , соработка со Здружение совет за грижи и воспитување на децата на град Скопје, РСБСП, Пакомак, соработка со издавачки куќи, телевизиски куќи, радио и печатен медиум, Црвен крст, НВО Хера , училишта со посебни потреби, соработка со еколошки организации, Национална галерија, спортски здруженија. Локалната заедница учествува во подобрувањето на условите за работа што би придонеле за повисок квалитет во работењето. Соработката особено е интензивна при прославувањето на бројни празници како што се „ Ден на Општина Центар“, „Цел Центар на точак“, „Денот на екологијата“, „Денот на Европа“, и притоа има доделување на парични награди (ваучери) од страна на општината за талентирани ученици. По тој повод секоја година традиционално се организираат ликовни и литературни конкурси, спортски и други натпревари за училиштата кои припаѓаат на нашата општина со што се зајакнува соработката и се создава позитивен натпреварувачки дух меѓу училиштата во нашата општина.

Голем е бројот и на дополнителни активности во кои активно земаат учество учениците од прво до деветто одделение. Организирање свечена приредба по повод првиот училишен ден за првачиња, учество на Велородео, посета на промоцијата на дигитални сликовници во ДКЦМКЦ, Саем на мед, учество на Европската Недела на кодирање, учество на ликовен и литературен конкурс по повод одбележување на Денот на општината, посета на природно-научен музеј: Чудесен свет на пајаците, посета и следење на анимирани филмови на фестивал за анимирани филмови Анимакс во кино Фросина, МКЦ, посета на планетариум, посета на детскиот фестивал Златно салвејче, посета на театарска претстава Петар Пан, посета на еднодневен семинар на тема: Демократијата и Собранието, учество во проектот: Електричниот отпад создава можност Одбележување на 8 Декември ден на Св. Климент Охридски, учество на новогодишниот Кока-кола караван, соработка со Специјална Олимпијада Македонија, учество на кастинг за деца глумци во игран филм: Два, учество во проектот: Локално, но гласно, посета на Холокаустот, посета на саемот: Музиката низ призма на науката, соработка со археолошкиот музеј, учество на манифестацијата: Ден на учителот, учество во едукативна работилница во рамките на општински акција: Цел Центар на точак, посета на изложбата на Пикасо, учество на Скопски цветен фестивал, изработка на краток филм за училиштето, едукација на учениците за климатските промени, учество на доделување на стипендии на талентирани ученици.

## -ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА УЧИЛИШТЕТО ВО НАЦИОНАЛНО ОПКРУЖУВАЊЕ

Училиштето работи според Законот за основно образование според кој основното образование трае девет години и е задолжително и бесплатно за сите ученици (на возраст 6-14 години). Воспитно-образовната работа се организира и остварува според наставен план и програма кои на предлог на БРО ги утврдува МОН.

Со реформите од 2007 година се случија следниве законски измени во основното образование:

- Програма за советување на родители и Програма за советување на ученици со цел да се зајакнат стручните служби во училиштата.
- БРО во периодот од 2007 до 2015 година изготви 26 прирачници и изведе 188 видови обуки за наставници, реализирани од страна на приближно 500 обучувачи во кои учествување и нашето училиште.
- Учениците со ПОП следат настава во редовните училишта. Наставниците од нашето училиште се обучени за работа со овие категории на ученици. Во формулата за обезбедување блокдотации се зема во предвид и бројот на ученици со ПОП.
- Во 2011 година ДПИ воведе индикатори за квалитетот на работата во училиштата. Со примената на овие индикатори се оценува квалитетот на воспитни-образовниот процес, се дефинираат силните и слабите страни во работењето и се даваат препораки за подобрување. Индикаторите исто така помагаат и во постапката за самостојна евалуација на училиштето и во интегралната евалуација што ја врши ДПИ. Со цел да се обезбеди контрола на квалитетот на работата на наставниците во процесот на интегралната евалуација се врши и оценување на успешноста на нивната работа и исполнување на работните должности. За наставниците кои прв пат се вработуваат воведени се: задолжително полагање на тест на личност и стручен испит за наставник.
- Во 2012 година отпочна 5 годишен проект за Меѓуетничка интеграција во образованието. Целта на оваа иницијатива беше во земјата да се создаде општествена и економска клима за поддршка на меѓуетничка интеграција во училиштата. Проектот се реализираше и во нашето училиште со партнер училиштето Сами Фрешери од село Пирок, за таа цел училиштата посетуваа обуки и организираа заеднички активности за наставници и ученици.
- Во основните училишта се обезбеди пристап за користење на компјутери во наставата за секое дете. Како дополнителна поддршка се обезбедија преносливи компјутери за секој наставник и интернет.
- Во периодот од 2013 до 2015 година се изготвија стандарди за професионална ориентација и кариерен развој на наставниците и се организираше обука за наставници според верифицирани програми со акредитирани обучувачи на кои учествуваше и нашето училиште.
- Во 2013 година е воведен систем на надворешна проверка на постигањата на учениците ( екстерно тестирање) по сите предмети од IV до IX одделение. Пред крајот на наставната 2016/2017 година екстерното тестирање беше укинато.
- Воведена е задолжителна дополнителна и додатна настава.

Со новите измени во образовниот систем во Р. Македонија изготвен е стратешки документ Сеопфатна стратегија за образованието 2018/2025 со која се посочуваат одреден број на предизвици кои ќе влијаат на функционирањето на училиштето во наредниот период.

- Развивање и воведување на национален стандард за основно образование со јасно определени излезни резултати и со посебно внимание на инклузивноста, мултикултурализмот, почитувањето на разликите (во смисла на родот, етничката припадност, верата, јазикот, социјалниот статус, интелектуалните и физичките способности), правата на децата и демократска култура
- Ревидирање на наставниот план за сите одделенија и наставната програма, во согласност со Националниот стандард и негово постепено воведување
- Зајакнување на статусот и подобрување на содржината на изборните предмети и вон-наставните активности според слободниот избор на учениците.
- Ревидирање на учебниците така што ќе одразуваат родова еднаквост, мултикултурализам, почитувањето на разликите и демократските вредности
- Приспособување на зградата на училиштето за ученици со физичка попреченост
- Подобрување на условите и капацитетите на училиштето за инклузивно образование за децата од маргинализираните групи
- Воспоставување систем за наменско искористување на средствата од блок дотациите од страна на општините и училиштето за цели на инклузија
- Воведување механизам за финансиска поддршка на училиштето со цел спроведување на активности за меѓуетничка интеграција
- Оптимизирање на бројот на ученици при формирање нови паралелки во прво одделение
- Изготвување на неопходни дидактички ресурси и нивно распределување на наставниот кадар во нашето училиште.
- Воспоставување унифицирана електронска платформа за предавање, учење и методолошки ресурси со обезбедување на соодветен софтвер во училиштето
- Воспоставување систем за професионална ориентација преку стручните служби
- Иницијална обука на наставниците и стручните служби во согласност со професионалните стандарди
- Зајакнување на системот за поддршка, следење и менторство на наставниците приправници и специјалистите од стручните служби кои се приправници
- Развивање на нови институционализирани форми за зајакнување на компетенциите на наставниците кои доаѓаат од педагошките факултети, како и за стекнување на компетенции за предавање за оние профили кои завршиле студиски програми кои не биле наставни
- Примена на системот за напредување во кариерата во занимањето (наставник/стручен соработник, ментор, /стручен соработник - советник)
- Зајакнување на стручните служби во училиштето со сите неопходни профили
- Ревидирање на системот за издавање на лиценци на директорите.

Освен наведените приоритети училиштето соработува и со здравствени установи кои обезбедуваат здравствена поддршка на учениците преку редовни вакцинирања и систематски и стоматолошки прегледи.

Во одредени случаи училиштето соработува и со институции кои се занимаваат со превенција и сузбивање на малолетничкиот криминал. Исто така вклучени сме во проектот: Насилство меѓу учениците и Сообраќај.

Во рамките на соработката со МИОА училиштето евидентира податоци за човечките ресурси во апликацијата HRMIS.

ЈУМЦСР открива, следи и проучува социјални појави и проблеми, решава за работи утврдени со семејно-правните прописи и со тоаа обезбедува поддршка на ученици од нашето училиште.

Државниот завод за статистика прибира податоци во согласност со нивната Програма за статистички истражувања за периодот 2013/2017 година. Со овие истражувања се добиваат податоци за нашето училиште за почетокот и за крајот на учебната година.

Училиштето планира да соработува со Националната агенција за образование Еразмус плус со цел развивање на меѓународна соработка со други европски училишта.

## -ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА УЧИЛИШТЕТО ВО МЕЃУНАРОДЕН КОНТЕКСТ

Училиштето соработува со меѓународни институции во реализирање на заеднички проекти и активности кои позитивно влијаат на подобрување на воспитно-образовниот процес. Во продоложение се наведени реализираните активности.

- Учество на проект Bulding the American City
- Учество на работилница Древна Кинеска уметност: Сечење на хартија
- Работилница за изработка на маски за Halloween
- Посета на настанот на Уметничкиот ансамбл од Чангша од НР Кина
- Одбележување на Светскиот ден на институтите Конфучие
- Спроведување на сензибилизација по француски јазик
- Учество на фестивал BUFF – Bild und Film Festival
- Посета на проекции на германски филмови
- Посета и учество на мултимедијални и интерактивни изложби на германски јазик (Umdenken, Млади истражувачи и др.)
- Учество на проекти за проширувања на јазичните знаења и практична примена на германскиот јазик
- Запознавање со клучните вредности и принципи во работењето на Детската амбасада

Училиштето во иднина планира да оствари соработка со основното училиште од Англија:
Primary school Preston Rood, Linlithgow
West Lothian EH 49 6HB UK
Headteacher Charlette Robertson
mail: willinlithgow-ps@westlothion.org.uk
https://www.westlothian.gov.uk/article/3203/Linlithgow-Primary-School

## 9. АНАЛИЗА ОД ИНТЕРНАТА ЕВАЛУАЦИЈА (САМОЕВАЛУАЦИЈАТА 2015/2017 )

| НАШИ СИЛНИ СТРАНИ | НАШИ СЛАБИ СТРАНИ |
|---|---|
| -Училиштето ги има обезбедено сите НПП на МОН и БРО по предмети, подрачја и активности.<br>- Кај педагошката служба на училиштето сите наставници имаат предадено Годишен глобален и тематски план како и Годишно планирање за дополнителна, додатна настава во печатена и електронска форма.<br>- Секој наставник индивидуално има изготвено ИОП за учениците со посебни потреби<br>- Сите наставници редовно одржуваат воннаставни активности според годишните планирања кои се евидентираат во одделенските книги. Придобивките од воннаставните активности се освоените награди, медаљи, пофалници, дипломи и афирмацијата на училиштето.<br>- Во училиштето има пропишани периоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на директорот и стручната служба.<br>- Стручните активи разменуваат искуства и идеи за планирање преку примена на ИКТ.<br>- Распоредот на часовите е навремено изработен и истакнат на видно место.<br>- Задачите што се работат во училиштето или дома се добро испланирани и поврзани со работата на учениците за време на часовите.<br>- Учениците училиштето го доживуваат како стимулирачка и мотивирачка средина која поттикнува интерес за учење.<br>- Наставниот кадар и стручната служба ги идентификуваат образовните потреби на учениците и превземаат активности за нивно остварување.<br>- Училиштето ги применува позитивните законски прописи што го регулираат оценувањето на учениците.<br>- Инволвирање на учениците со посебни потреби во рамките на редовната настава.<br>- Постигнување на високи резултати на натпревари и истакнување на првенец на генерација во IX одделение.<br>-Директорот , наставниците , стручните соработници имаат позитивни ставови за професионално стручно усовршување.<br>- Тимот за професионален развој континуирано ги идентификува потребите од стручно усовршување на кадарот<br>- Тимот за професионален развој има воспоставено систем за дисеминација на стекнатото знаење добиено преку обуки за наставниците<br>- Во училиштето се организира тимска работа<br>- Кадарот има интерес за нова стручна литература<br>- Библиотеката располага со поголем фонд на разновидна литература за ученици и наставници<br>- Компјутерската опрема во училиштето ги задоволува училишните потреби | -Недоволна заинтересираност на родителите за вклучување во реализација на Наставните планови и програми.<br>-Нема стручно лице(дефектолог) редовно вработен, за помош на учениците со посебни потреби.<br>- Обучување на наставниот кадар за работа со талентирани ученици и работа со децата со посебни образовни потреби.<br>- Отсуствува потребата и заинтересираноста за стручно пишување и објавување стручни трудови<br>- Отсуствува механизам за доделување признанија на наставници<br>- Потреба од подобри просторни услови<br>- Мал дел од родителите учествуваат во разни активности во училиштето<br>- Имплементација на IB програмата<br>- Превземање на мерки за подобрување на дисциплината на учениците.<br>- Зајакнување на дежурствата на наставниците,особено во време на одморите помеѓу часовите.<br>- Од воочените анализи детектирани се слабости во областа на донирањето на сретства од страна на родителите, деловната заедница и невладиниот сектор. |

| | |
|---|---|
| - Училиштето ги задоволува потребите за изведување на ИКТ во наставата<br>- Водење на педагошки картон и професионално досие за сите наставници<br>- Директорот има јасна визија за развојот и напредокот на училиштето<br>- Инволвираност на наставниците во обуки и семинари, нивна дисеминација<br>- Редовно одржување на инфраструктурата<br>- Успешна соработка со локалната самоуправа, фирми, родители, институции<br>- Наменско користење на буџетските и материјалните средства<br>- Постои добра комуникација помеѓу директорот и вработените<br>- Вработените редовно се информираат за преземените активности од страна на директорот и учествуваат во процесот на донесување одлуки<br>- Вработените имаат можност за вклучување во активностите за одредување и реализација на училишните приоритет<br>- Стручните соработници даваат целосна поддршка на наставниот кадар при изработка на годишно, тематско, процесно планирање и оперативен план на часот<br>- Врши посета на наставни часови кај секој наставник<br>- Врши редовна дисеминација на обука за сите воведени новини и измени<br>- Наставникот добива поддршка при реализација на редовна, дополнителната и додатна настава, отворени часови и воннаставни активности.<br>- Се остварува соработка со наставници од други училишта од општината.<br>- Административниот-технички персонал обезбедува навремени информации за сите законски измени кои се од интерес на вработените.<br>- Постои достапност до сите информации за непречено реализирање на работните обврски на сите вработени.<br>- Се води грижа за степенот на хигиена во училиштето.<br>- Редовно се одржуваат планираните состаноци на НС на кои се даваат конструктивни предлози за подобрување на севкупното работење на училиштето.<br>- Се даваат предлози за подобрување и дополнување на наставните планови и програми, воведување на нови струки, профили и сл.<br>- Состаноците на Совет на паралелки-одделенски совети се одржуваат согласно предвидената динамика во Годишната програма за работа на училиштето и од страна на наставниците се даваат конструктивни предлози за подобрување на наставниот процес, подобрување на постигањата, редовноста и дисциплината на учениците.<br>-За овие постигања се вршат редовни анализи како поедеинечно, на ниво на паралелка, така и на ниво на училиште<br>- Се првземаат активности со кои се подобрува квалитетот на наставата и стандардите, критериумите за оценување.<br>- Со цел подобрување на квалитетот и ефективноста на работењето на училиштето формирани се и работат: Тим за Меѓуетничка интеграција во образованието и инклузивен тим за децата со ПОП, тимови за колаборативно планирање и сл.<br>- Постои одлична соработка меѓу наставниците и учениците преку која може да се согледа | |

| | |
|---|---|
| состојбата, условите и климата за работа, резултатите, успесите и предизвиците со кои се соочува секое училиште.<br>- Учениците редовно се информираат за своите права и обврски и сите активности кои се реализираат или се планираат во училиштето.<br>- За напредокот и постигањата се дава редовна усна и писмена повратна информација, а постои и можност за помош и поддршка на учениците со ПОП, емоционални, социјални и здравствени потешкотии.<br>- На транспарентен и демократски начин се врши изборот на претставниците во ученичката заедница..<br>- Се превземаат иницијативи за организирање на активности за помош и поддршка на ученици од социјално ранлива категорија и друг вид на проблеми.<br>- За почитување на различностите се организираат трибини и други активности. Наставниците редовно ги поттикнуваат и мотивираат учениците да се вклучат во воннаставни активности и разновидни натпревари.<br>- Учениците се задоволни од понудените изборни предмети.<br>- Помеѓу момчињата и девојчињата постои пријателски однос и сите заеднички придонесуваат за одржување на хигиената во училиштето, како и за зачувување на животната средина чиста и еколошка.<br>- Учениците доволно се информирани за работата што стручните соработници ја извршуваат во училиштето и затоа имаат слобода да побараат помош и поддршка доколку се соочат со било каков проблем или потешкотии во и надвор од училиштето.<br>- Се даваат редовни имформации и се спроведуваат активности при професионалната ориентација и одредување на идното занимање.За подобрување на успехот, редовноста и дисциплината се организираат советувања за учениците.<br>- Родителите се задоволни од содржините кои ги изучуваат содржините и истите одговараат на нивната возраст.<br>- Редовно се информирани за постигнувањата и ги следат преку Е – дневникот.<br>- Постигнато е соодветно вреднување и следење на индивидуалните способности на учениците.<br>- Задоволни се од понудените изборни предмети.<br>- Учениците се безбедни во училиштето и со задоволство доаѓаат на настава.<br>- Задоволни се од функционирањето и квалитетот на храната .<br>- Родителите се задоволни од соработката со претставниците на Советот на родители, СС и управувањето и раководењето на училиштето.<br>- Постои активна вклученост на родителите во организација и предавање, трибини и работилници кои обработуваат актуелни теми.<br>-Постои континуирана соработка со релевантните институции (МОН, БРО, ДПИ и ДИЦ).<br>- Се остварува соработка со ЛС преку аплицирање за проекти значајни за подобрување на условите за работа на училиштето. Постои соработка со јавни установи во области од | |

| | |
|---|---|
| нивен домен.<br>- Соработката со граѓански здруженија и донатори се остварува со реализација на одредени проекти, акции и слично.<br>- Училиштето остварува соработка со бизнис секторот.<br>- Постои високо ниво на почитување на наставниот кадар и педагошко-психолошката служба кон сите ученици во училиштето<br>- Отвореност на училиштето за соработка со родителите, локалната заедница, невладиниот сектор и медиумите.<br>- Училиштето има изготвен Кодекс на однесување на наставниците и учениците истакнат на видно место.<br>- Училиштето ги негува родовата сензитивност и мултикултурализмот.<br>- Постои позитивна клима за нови проекти во образовниот процес, високо едуциран наставен кадар кој е постојано спремен на доедукација и обуки.<br>- Училиштето во континуитет организира хуманитарни акции и хепенинзи со цел да се помогне на учениците од социјално ранливите семејства и друг вид хуманитарни акции.<br>- Дисциплината на учениците во училиштето е добра. По потреба се применува правилникот за изрекување педагошки мерки.<br>- Во текот на целата учебна година нашите ученици се вклучени во заеднички проекти,наставни и воннаставни активности(културни и спортски)во соработка со локалната заедница. Преку тие соработки се промовираат и вреднуваат постигањата на учениците.<br>- Локалната зедница преку дотации придонесува во подобрување на инфраструктурата на училиштето.<br>- Училиштето има воспоставена добра соработка со родителите преку организирани трибини,предавања,работилници, посети во работни организации во кои тие се вработени.<br>- Постои меморандум за соработка со субјекти од локалната заедница и невладината ораганизација.<br>- Постои соработка со деловната заедница и невладината сектор. | |

## *10. АНАЛИЗА ОД ЕКСТЕРНА ЕВАЛУАЦИЈА ОД ПОСЛЕДНАТА ИНТЕГРАЛНАТА ИНСПЕКЦИЈА*

| ЈАКИ СТРАНИ | СЛАБИ СТРАНИ |
|---|---|
| - Воспоставен добар однос, грижа и пристап на наставниците кон учениците<br>- Поддршка на учениците со потешкотии во учењето и учениците со посебни потреби<br>- Директорот има поддршка во креирањето и реализирањето на образовната политика од сите структури на училиштето и локалната заедница | - Не е изготвена Самоевалуација<br>- Не е донесена Програма за развој<br>- Не се изготвени индивидуални програми од страна на наставниот кадар за професионален и кариерен развој<br>- Распореден несоодветен наставен кадар за реализирање на настава по ФЗО во одделенска настава<br>- Недоволно се применува ИКТ во наставата<br>- Недоволно се промовира мултикултурализмот и ЕКО проектот |

| ПРЕПОРАКИ |
|---|
| - Да се изготви Самоевалуација<br>- Да се донесе Програма за развој<br>- Да се изготват програми од страна на наставниот кадар за професионален и кариерен развој<br>- Да се прераспредели наставникот по ФЗО, да реализира настава согласно нормативот<br>- Да се превземат активности за континуирана примена на ИКТ во наставата<br>- Да се превземат активности за континуирано промовирање на мултикултурализмот и ЕКО проектот |

## 11. МИСИЈА И ВИЗИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

| МИСИЈА |
|---|
| *Училиштето се стреми кон развивање на социјален, интелектуален и академски прогрес на учениците. Ние обезбедуваме подеднаков напредок на учениците преку развивање на нивните вештини, таленти и потреби. Светот го замислуваме глобално и отворено место, исполнето со почит и разбирање.* |

| ВИЗИЈА |
|---|
| *Визија на училиштето е да ги инспирира учениците до нивниот максимален потенцијал, воедно да ги мотивира на поттикнување на одговорно однесување и вредна работа. Училиштето верува во овие атрибути за да постигнеме единствен профил на ученик.* |

## 12. ЦЕЛИ, ЗАДАЧИ И АКТИВНОСТИ

| Стратешка цел | Развојни цели |
|---|---|
| **1. Продлабочување на соработката со родителите** | 1.1 Вклучување на родителите во реализацијата на наставните планови и програми |
| | 1.2 Учество на родителите во проекти и активности на училиштето |
| **2. Поддршка на наставата и учењето** | 2.1 Обука на наставниот кадар за компетенциите, вештините и знаењата потребни во образованието од 21 век |
| | 2.2 Обука за работа со талентирани ученици и работа со ученици со посебни образовни потреби во наставата |
| **3. Подобрување на инфраструктурата на училиштето** | 3.1 Реконструкција на училишниот двор, фасада на училишната зграда, обнова на вертикален ѕид и плафони на горните два тракта, реконструкција на прозори |
| | 3.2 Доопремување на новата училишна спортска сала |
| | 3.3 Опремување на нова училишна библиотека ( оформување медиатека ) |

**Стратешка цел** ***: 1. Продлабочување на соработката со родителите***

Развојна цел ***: 1.1 Вклучување на родителите во реализацијата на наставните планови и програми***

| Конкретни цели | Активности | Ресурси | | | Временска рамка | Индикатори | Извори на докази |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Човечки | Физички | Трошоци | | | |
| 1.1.1<br>- Утврдување на потребите на училиштето за учество на родителите | - Формирање на тим: Павлинка Георгиева, Луиза Наневска, Анета Мицковска, Сања Пиперевска, Драган Станојковски, Горан Величковиќ, Марина Станковиќ и Андријана Грујоска<br>- Анализа на постоечките наставни планови и приграми<br>- Детектирање на афинитетите и потенцијалите на родителите | - Родители<br>- Наставници<br>- Институции | - Училиници<br>- Институции | Износ во зависност од потребите | Од 2018 до 2022 година | - Задоволни родители, наставници и ученици<br>- Добра соработка со родителите<br>- Подобрување на квалитетот на наставата преку применливост на знаењата во пракса | - Записник од Совет на родителии |
| 1.1.2<br>Реализација на дебатите и предавањата | - Изготвување на список за родители предавачи за дебатите и предавањата<br>- Утврдување на простор и време<br>- Реализирање посети<br>- Активно вклучување и на наставниците во дебатите и предавањата | - Родители<br>- Наставници<br>- Институции<br>- Ученици | - Училиници<br>- Институции | Износ во зависност од потребите | Од 2018 до 2022 година | - Задоволни родители, наставници и ученици<br>- Реализиран проект од страна на учениците | - Список на родители предавачи<br>- Записници од реализираните посети |

**Стратешка цел : *1. Продлабочување на соработката со родителите***

Развојна цел :***1.2 Учество на родителите во проекти и активности на училиштето***

| Конкретни цели | Активности | Ресурси | | | Временска рамка | Индикатори | Извори на докази |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Човечки | Физички | Трошоци | | | |
| 1.2.1<br>Учество на родителите во проекти на училиштето | - Земање активно учество во проектот за меѓуетничка интеграција<br>- Развивање на мултикултурализмот<br>- Учествување во активностите организирани во ЕКО проекти | - Родители<br>- Ученици<br>- Наставници | - Училиште | Износ во зависност од потребите | Од 2018 до 2022 година | - Взаемна почит, соработка и доверба<br>- Соработка и другарување на ученици од различна етничка припадност | - Протокол за реализација на активностите од проектите<br>- Извештаи од реализација на проектите |
| 1.2.2<br>Соработка на родителите при реализација на вонnаставните активности на училиштето | - Унапредување на здравиот начин на живеење<br>- Превземање одговорност за заштита на животната средина<br>- Овозможување безбедност и заштита при користење на интернет ( сајбер насилство)<br>- Ораганизирање работилници за мултимедијална култура | - Родители<br>- Ученици<br>- Наставници | - Медиатека | Износ во зависност од потребите | Од 2018 до 2022 година | - Здрав начин на живеење<br>- Заштита на животна средина<br>- Заштита од сајбер насилство<br>- Зголемена свест за правилно користење на медиумите<br>- Критичко размислување на учениците | - Извештаи од реализирани воннаставни активности<br>- Видео записи<br>- Фотографии |

**Стратешка цел :**<u>**2.** ***Поддршка на наставата и учењето.***</u>

Развојна цел : <u>***2.1 Обука на наставниот кадар за компетенциите, вештините и знаењата потребни во образованието од 21 век***</u>

| Конкретни цели | Активности | Ресурси | | | Временска рамка | Индикатори | Извори на докази |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Човечки | Физички | Трошоци | | | |
| 2.1.1 Утврдување на искуствата и потребите | - Формирање на тим: Нела С. Никовска, Виолета Ѓошева, Катерина К.Гаштов, Јасмина Луневска, Марија Варадинска, Жанета Шумковск и Милка Симска<br>- Воспоставување систем за вклучување на предлозите на вработените преку анкетирање<br>- Определување испорачувач на обуките<br>- Средби со идните обучувачите<br>- Формирање на групи и координација | - Наставници<br>- Обучувачи | - Училници | Износ во зависност од потребите | Учебна 2018/2019година | - Подобрување на квалитетот на наставата<br>- Подобрување на компетенциите на наставниците<br>- Подобрување на успехот на учениците | - Спроведена анкета<br>- Десиминација |
| 2.1.2 Воспоставување процедури за планирање на активностите од следените обуки | - Споделување на искуства на стручни активи<br>- Изготвување распоред за реализација<br>- Спроведување добри пракси | - Наставници<br>- Стручни соработници<br>- Директор<br>- Ученици | - Училници | Не се предвидени | Учебна 2018/2019 година | - Позитивни искуства од дисиминацијата<br>- Поквалитетна настава, збогатена со современи техники и методи<br>- Стекнатите знаења и вештини од страна на учениците | Извештаи, записници |

**Стратешка цел** : ***2. Поддршка на наставата и учењето.***

Развојна цел: ***2.2 Обука за работа со талентирани ученици и работа со ученици со посебни образовни потреби во наставата***

| Конкретни цели | Активности | Ресурси | | | Временска рамка | Индикатори | Извори на докази |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Човечки | Физички | Трошоци | | | |
| 2.2.1<br>Обука на стручна служба и група на наставници за работа со талентирани ученици | - Формирање на листа на тимови за реализација на обуката | - Стручна служба<br>- Директор<br>- Наставници | - Провајдер за одржување на обуки | - Патни трошоци | Учебна 2018/2019 година | - Десиминација | - Самоевалуација<br>- Годишни програми и извештаи |
| 2.2.2<br>Обука на стручна служба, дефектолог и група на наставници за работа со деца со посебни образовни потреби | - Формирање на листа на тимови за реализација на обуката | - Стручна служба<br>- Директор<br>- Наставници<br>- Дефектолог | - Провајдер за одржување на обуки | - Патни трошоци | Учебна 2018/2019 година | - Десиминација | - Самоевалуација<br>- Годишни програми и извештаи |
| 2.2.3<br>Да се обезбеди стручен кадар за деца со посебни потреби-дефектолог | - Поднесување барање до МОН за вработување на дефектолог во нашето училиште<br>- Вклучување на дефектологот во наставата<br>- Воспоставување комуникација помеѓу родител дефектолог | - Училишен одбор<br>- Директор<br>- Наставнички совет | - Институции | Предвидени финансии од Минестерство за финансии | Од 2018 до 2020 година | Задоволни наставници, родители, ученици<br>- Постигнување на повисоки резултати во учењето на децата со посебни образовни потреби | - Евидентни листови на децата со ПОП<br>- Запсници од родителски средби<br>- Записници од работата на дефектологот |

**Стратешка цел***: 3. Подобрување на инфраструктурата на училиштето.*

Развојна цел : ***3.1 Реконструкција на училишниот двор, фасада на училишната зграда, обнова на вертикален ѕид и плафони на горните два тракта, реконструкција на прозори***

| Конкретни цели | Активности | Ресурси | | | Временска рамка | Индикатори | Извори на докази |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Човечки | Физички | Трошоци | | | |
| 3.1.1 Согледување на моменталната состојба на училишниот двор | - Формирање на тим: Чедомир Паневски, Драган Станојковски, Валентина Лена Велјан<br>- Вршење премер на површината на двете спортски игралишта на учулиштето;<br>- Да се заменат цевките за атмосверската вода;<br>-Поплочување и хортикултурно уредување на дворот<br>- Да се монтираат корпи за отпадоци и клупи | -Тим од наставници<br>- Хаус мајстор<br>- Претставник од локалната самоуправа, одделение за градежно земјиште и урбанизам | - Училишен двор<br>- Извештај од извршен премер;<br>- Цевки за атмосверска канализација;<br>- Бекатон плочки | Износ во зависност од потребите | Јуни – октомври 2018 година | - Подобрени здравствено – хигиенските услови;<br>- Заштита од поплавување на училишната зграда;<br>- Подобрен естетски изглед;<br>- Задоволни ученици, родители и наставници; | - Извештај од извршениот премер;<br>- Слики од замена на атмосверската канализација<br>- Користење на терените за спорт и рекреација |
| 3.1.2 Реконструкција на фасадата на училишната зграда | - Детектирање на моменталната состојбата на фасадата<br>- Формирање тим на наставници за следење на начинот и динамиката на реконструкцијата | - Тим од наставници од одделенска и предметна настава<br>- Претставник од МОН, сектор за капитални инвестиции<br>- Хаус мајстор<br>- Градежници | - Скелиња<br>- Термоизолациони материјали<br>- Фасадни бои | Износ во зависност од потребите | Сепември-март 2018/2019 година | - Подобрени безбедносни услови;<br>- Заштеда на топлинска и електрична енергија;<br>- Подобрен естетски изглед;<br>- Задоволни ученици, родители и наставници; | - Извештаи<br>- Слики<br>- Сметки за електична и топлинска енергија |
| 3.1.3 Реконструкција на вертикалниот ѕид и плафони на горните два тракта | - Да се потврди потребата за санација<br>- Да се иготви преглед за потребните материјали | - Стручен тим<br>- Хаус мајстор<br>- Градежници | - Скелиња<br>- Скала<br>- Малтер<br>- Бои | Износ во зависност од потребите | Јуни- Август 2018 година | -Подобрени безбедносни услови<br>- Задоволни ученици, родители и наставници; | - Извештај од Санитарната инспекција<br>- Извештај од ИЗИС |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.1.4 Реконструкција на прозорите | - Разгледување на можностите за поправка на постоечката состојба<br>- Да се изработи план<br>- Практично изведување на работата | - Стручен тим<br>- Претставник од лолалната заедница<br>- Хаус мајстор | - Училници<br>-Канцеларии<br>- Холови<br>- Материјали (шарки) | Пресметка од фирмата Конструктор во висина од 60.000 денари | Август 2018 година | - Подобрени безбедносни услови во училиштето<br>- подобрени здравствено-хогиенски услови<br>- Задоволни ученици, родители и наставници; | - Извештај од санитарна инспекциаја<br>- Годишни и Полугодишни извештаи |

**Стратешка цел**: ***3. Подобрување на инфраструктурата на училиштето.***

Развојна цел : ***3.2 Доопремување на новата училишна спортска сала***

| Конкретни цели | Активности | Ресурси | | | Временска рамка | Индикатори | Извори на докази |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Човечки | Физички | Трошоци | | | |
| 3.2.1<br>Набавка на спортски реквизити и инвентар за улилишната спортска сала | - Да се утврди потребата од видови и количина на спортски реквизити<br>- Да се утврди потребата од канцелариски инвертар<br>- Да се набави подвижна монтажна бина | - Тим од наставници по ФЗО<br>- Хигиеничари<br>- Хаус мајстор<br>- Ноќен чувар<br>- Сметководител | - Јажиња, топки, обрачи, чунови<br>- Канцелариски инвертар: бироа, шкавчиња, компјутер | Износ во зависност од потребите | Учебна 2018/2019 година | - Квалитетна настава по ФЗО;<br>- Задоволни ученици, родители и наставници; | - Полугодишен и Годишен извештај<br>- Фотографии<br>- Испратници |
| 3.2.2<br>Поставување на соларни панели на кровот на спортската сала | - Да се потврди потребата од заштеда на електрична енергија | - Тим од наставници и родители<br>- Училишен одбор<br>- Училишни економски оператори кои ќе ја користат спортската сала<br>- Изведувач на работите | - Соларни панели<br>- Држачи за панели<br>- Бојлери<br>- Инсталација | Износ во зависност од потребите | Учебна 2020/2021 година | - Заштеда на електрична енергија<br>- Снабдување со топла вода<br>- Подобрени здравствени и хигиенски услови<br>- Добивање на енергетски ефикасно училиште<br>- Задоволни ученици, родители и наставници | - Сметки за електична енергија |

**Стратешка цел**: ***3. Подобрување на инфраструктурата на училиштето.***

Развојна цел ***: 3.3 Опремување на нова училишна библиотека ( оформување медиатека )***

| Конкретни цели | Активности | Ресурси | | | Временска рамка | Индикатори | Извори на докази |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Човечки | Физички | Трошоци | | | |
| 3.3.1 Опремување на медиатеката со инвертар | - Да се формира стручен тим<br>- Утврдување на потребата од инвертар<br>- Извештај од стручниот тим<br>- Набавка на инвертарот | - Стручен тим<br>- Хаус мајстор<br>- Сметководител | - Столчиња, катедра, ЛЦД проектор, плафонски држач, бела табла или банер, вбариолајт | Износ во зависност од потребите | Учебна 2019/2020 година | - Обезбеден простор за настава, стручно усовршување на наставниците и екстерни обуки | - Полугодишен и Годишен извештај<br>- Испратници |
| 3.3.2 Опременување на медиатеката со информатичко-дидактички материјали и литература | - Да се формира стручен тим<br>-Утврдување на потребата од вид на информатичко-дидактички материјали<br>- Да се изготви преглед за набака на потребните материјали и литература | - Стручен тим<br>- Наставник по информатика<br>- Наставник по математика<br>- Библиотекар | - Книги, списанија, енциклопедии, ЦД-а<br>- Информатичка опрема<br>- Интернет мрежа и рутер | Износ во зависност од потребите | Учебна 2019/2020 година | - Поквалитетна настава<br>- Мотивирани ученици и наставници<br>- Зголемена аудио-визуелност во наставата<br>- Постигнување на подобар успех<br>- Зголемен број на читатели | - Полугодишен и Годишен извештај<br>- Инвертарна книга<br>- Евиденциони картони за број на читатели во медиатеката |

## 13. МОНИТОРИНГ

### - Начин на кој ќе се мониторираат активностите предвидени со Развојниот план

| Приоритетни области | Начин и време на следење | Одговорен орган | Препорака |
|---|---|---|---|
| **Продлабочување на соработката со родителите** | Од 2018 до 2022 година<br>Од заклучоците на Совет на родители, Полугодишен извештај и Годишен извештај | Училишен одбор | Директор, педагошко-психолошка служба, одговорниот тим на наставници |
| **Поддршка на наставата и учењето** | Од 2018 до 2022 година<br>Нови Наставни планови и приграми и Годишни, тематски планирања | МОН, БРО и ДПИ | Директор, педагошко-психолошка служба, одговорниот тим на наставници |
| **Подобрување на инфраструктурата на училиштето** | Од 2018 до 2022 година<br>Докази: фотографии, фактури и извештаи | Општина Центар и МОН | Директор, педагошко-психолошка служба,  одговорниот тим на наставници |

## *14. ЧЛЕНОВИ НА ТИМОТ ШТО ГО ИЗРАБОТИЈА РАЗВОЈНИОТ ПЛАН*

**1. Директор Вилма Поповиќ**

**2. Педагог Маја Ѓорчевска Затуроска**

**3. Психолог Сања Шутиноска**

## *15. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА*

1. **СЕОПФАТНА СТРАТЕГИЈА ЗА ОБРАЗОВАНИЕТО ЗА 2018-2025 ГОДИНА и Акциски план**
2. **САМОЕВАЛУАЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО 2015/2017 ГОДИНА**
3. **ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШТЕТО 2017/2018 ГОДИНА**
4. **ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2017/2018**
5. **КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ОД ИНТЕГРАЛНА ИНСПЕКЦИЈА**